# Моите мисли

Во ноќите глуви, тишината кога царува
небото од далеку мисла ми подарува.
Се вселува таа на место скришно,
со неа полетувам до небото вишно.

Понекогаш една по друга се нижат
кон ѕвездите горе ко облак ме движат,
не ми даваат сон до утрата рани
ко другарки верни тие се збрани.

Мислите можат многу радост да ми носат,
но некогаш и со тага душата ми ја косат,
поука од нив секогаш си добивам
и советите нивни никогаш не ги одбивам.

Ко богатство вредно во срцето си ги чувам
и секое утро со нив се будам.
Тие ми ги прават посреќни дните
срцето ми е полно љубов за сите.

**Тасеска Марија**

**VII-1 одделение**

**ООУ„Кочо Рацин“- Охрид**

**Мантор: Неданоска Наташа**